Бр. 04-548/17
25.07.18

Врз основа на член 21 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), член 37-н од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18) и член 13 од Правилникот за начинот на формата и содржината на интерниот оглас, на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на постапката, начинот на спроведување на селекцијата за унапредување, како и начинот на нивно бодирање за работните места со статус на даватели на јавни услуги во ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип бр.02-498/28 од 18.06.2018 година, в.д.Директорот на ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип донесе

# ОДЛУКА
## за избор на кандидати по Интерен оглас бр.01/2018 за унапредување на даватели на јавни услуги во ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип

### Член 1

1. По Интерниот оглас број 01/2018 објавен на 11.07.2018 година, за унапредување на даватели на јавни услуги во ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип, се избираат:
   - **Љупчо Благоевски**, за работното место под реден број 1 од интерниот оглас, Главен инженер/Проектантен менаџер, со шифра КДР 0305 А01 006.
   - **Александар Величковски**, за работното место под реден број 2 од интерниот оглас, Раководител на Одделение за водоснабдителни објекти/ оддржување на зафати и цевководи, со шифра КДР 0305 А03 009.
   - **Александар Стамболиски**, за работното место под реден број 3 од интерниот оглас, Самостоен инженер/инженер за автоматско пратење на дистрибуцијата на водата во диспечерскиот центар, со шифра КДР 0305 Б01 050.
2. Изборот е извршен врз основа на Финалната ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор по Интерен оглас бр.01/2018.
3. Именуваните ќе бидат унапредени на работните места од став 1 од оваа Одлука во рок од 5 дена по конечноста на Одлуката.
4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

На 11.07.2018 година на веб страницата и на огласната табла на ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип објавен е Интерен оглас бр.01/2018 за унапредување на даватели на јавни услуги во Јавното претпријатие.

Комисијата за селекција во постапката за унапредување на даватели на јавни услуги по интерен оглас бр.01/2018, формирана од в.д.Директорот со решение бр.04-548/3 од 11.07.2018 година, изврши селекција на пријавените кандидати, за што состави записник бр.04-548/12 од 18.07.2018 година и спроведе интервју со уредните кандидати, за кое состави записник бр.04-548/14 од 23.07.2018 година.

Врз основа на вкупно освоените бодови од селекцијата и интервјуто, Комисијата состави финална ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, поединечно за секое работно место предвидено во Интерниот оглас бр.01/2018.

Врз основа на финалните ранг листи и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, поединечно за секое работно место предвидено во Интерниот оглас бр.01/2018, в.д.Директорот на ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управен одбор на ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип, во рок од 8 дена од денот на објавување на оваа одлука на веб страницата и на огласна табла на ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип.

Пробиштип
25.07.2018

ЈП ХС "Злетовица"
в.д.Директор
Миле Илиевски